Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Третата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 30.5.2018 година

Скопје, мај 2018 година

# З А П И С Н И К
од Третата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 30.5.2018 година

Седницата започна во 14:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Советот, Фани Каранфилова Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи, Миљазим Мустафа, Министерство за правда, Катерина Јовчевска, Министерство за финансии, Софија Кузмановска, Министерство за економија, Маја Лазареска Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сафет Незири, Министерство за образование и наука, Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика, Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа, Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска, Македонско научно друштво Битола, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје, Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Андреја Стојковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк- Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство, Гордана Ивановска Велковска, Министерство за култура, Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања, Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата присуствуваа и: Габриела Димовска, како замена за Марјан Николов, Центар за економски анализи, Сања Богатиновска, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија, Маја Петковска-Лесес, кабинет на министерот Роберт Поповски, Александра Крстеска и Филип Чапароски,

Национален демократски институт и претставници на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска и Елпида Петковска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

*

*        *

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Втората седница на Советот, одржана на 14.5.2018

1. Предлог-Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020

2. Прашања и предлози

*

*        *

Советот го усвои Записникот од Втората седница, одржана на 14.5.2018 година, дополнет со коментарите од експертите од брзиот твининг проект „Понатамошно институционализирање на структурни механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“.

*

*        *

### Точка 1

Советот пристапи кон разгледување на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, доставеното мислење од Здружението на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и слушна дел од Предлозите од Фондацијата Отворено општество - Македонија за унапредување на текстот на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2018-2020, кои беа доставени непосредно пред почетокот на 3та седница.Уранија Пировска, Ирена Цветковиќ и Елизабета Божиноска предложија Советот на оваа седница да не утврдува став по Предлог-Стратегијата и Акцискиот план и побараа дополнително време за консултации со граѓанските организации од областа што ја претставуваат.

Душан Томшиќ, Гордана Гапиќ-Димитровска и Сабина Факиќ оценија дека е оставено доволно време за јавни дебати и консултации. Хронологијата на активности во рамките на консултативниот процес беше презентирана од Одделението за соработка со невладини организации.

Фани Каранфилова Пановска го поздрави широкиот консултативен процес, но укажа дека дел од забелешките на граѓанските организации не се прифатени и содржани во текстот. Предложи да се дефинираат мерки и да се предвидат активности со кои ќе се обезбеди зголемено и одржливо финансирање на граѓанските организации од страна на државата, да се предвидат активности за воспоставување структуриран дијалог на Владата со граѓански организации, да се усогласат мерките и активностите со останатите релевантни стратегии, да се подобрат финансиските показатели за спроведување на Стратегијата, да се ревидираат и прецизираат индикаторите, а предвидените рокови да се однесуваат на резултати. Конкретните предлози се содржани во мислењето на ФООМ.

Андреја Стојковски информираше дека членките на ИПА 2 механизмот за граѓански организации на сесијата одржана на 30.5.2018 година го разгледаа текстот на Предлог-Стратегијата и Акцискиот план, при што оценија дека во некои делови не е усогласен со Стратегијата за реформа на јавната администрација (делот што се однесува на измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, надградба на ЕНЕР и сл.). Коментарите од ИПА 2 механизмот за граѓански организации ќе ги достави во писмена форма.

Елизабета Божиноска ги образложи причините за воведување посебна активност во Акцискиот план 26.2 Воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации. Предлогот беше прифатен од членовите на Советот, а бидејќи се потребни и измени на Законот за здравствена заштита и Законот за јавно здравје, рокот за спроведување да е 2$^{ро}$ тромесечје 2019 година. Дополнително, беше оценето активноста да се формулира како индикатор, а областите образование, здравство, култура, спорт и др. да се наведат и во активностите и индикаторите на 26.2 и 26.3.

Уранија Пировска побара во активноста 20.1.Вклучување на претставници од граѓанските организации при подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори во областа на човековите права, индикаторот 1 да се избрише, заради независноста на граѓанските организации и подготвувањето на извештаи во сенка. Душан Томшиќ укажа на праксата на Министерството за труд и социјална политика за консултации со граѓанските организации при подготовка на овие извештаи. Советот го прифати предлогот индикаторот 1 да се избрише, во индикаторот 2 зборовите „јавни дебати“ да се заменат со зборовите „консултативни средби“, а

индикаторот 3 да гласи „Број на извештаи подготвени со учество на граѓанските организации на консултативни средби“.

Дел од членовите на Советот, претставници на граѓанскиот сектор оценија дека мислењето на Министерството за финансии (бр.13-5551/1 од 7.5.2018 година) е спротивно на барањата на организациите и заложбите на државата за обезбедување финансиска одржливост на граѓанските организации. Катерина Јовчевска побара дополнително време за консултации со надлежните сектори во Министерството за финансии. Дел од членовите на Советот предложија да се предвидат мерки/активности со кои ќе се обезбеди: одржливо финансирање на граѓанските организации од државни фондови кое ќе обезбеди нивна независност; начин и мерки за кофинансирање на ЕУ проекти; олеснувањето на даночниот третман на граѓанските организации да не се ограничува само на данокот на добивка.

Јасна Мандиќ предложи да се предвидат активности за поттикнување на донации од приватниот сектор.

Ана Чоловиќ-Лешоска предложи кофинансирањето на ЕУ проекти да не се поврзува со приходите од игрите на среќа и да се предвидат активности за воведување на Гарантен фонд.

Гордана Гапиќ-Димитровска предложи Советот да формира работна група која врз основа на предлозите за измени и дополнувања на текстот на Предлог-Стратегијата и Акцискиот план ќе подготви предлог-мислење до Владата на Република Македонија. Никој од присутните членови не се пријави да учествува во работната група, поради што беше задолжено Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да ги сублимира предлозите во еден документ.

**<u>Заклучоци</u>**

1. Се задолжуваат членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор кои имаат предлози за изменување и/или дополнување на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, предлозите да ги доставаат во писмена форма до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат до 6.6.2018 година.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат до 8.6.2018 година да ги сублимира сите предлози во еден документ и да ги достави до сите членови на Советот.
3. Советот повторно да ја разгледа предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 на седницата што ќе се одржи на 13.6.2018 година и врз основа на доставените предлози од членовите да утврди мислење до Владата на Република Македонија.

## Точка 2

На барање на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во однос на формата и содржината на Нацрт-записниците од седниците, Советот заклучи Нацрт-записникот покрај заклучоците да содржи резиме од дискусијата на седниците на Советот и мислењето/позициите на членовите, на нивно барање.

*

*   *

Седницата заврши во 16:30 часот.

Наредната седница на Советот ќе се одржи на 13.6.2018 година.

Претседател на Советот за соработка со и
развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвил: м-р Елпида Петковска
Контролирал: Сања Савовска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска